Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 03-692/2**
**22.05.2025 год.**

**СООПШТЕНИЕ ЗА ВТОРА (ЈУНСКА) ИСПИТНА СЕСИЈА ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Почитувани студенти,

Ве известуваме дека втората (јунска) испитна сесија согласно Универзитетскиот календар за учебната 2024/2025 година ќе се одвива во период од **02 јуни до 04 јули 2025 година**.

Електронското пријавување на испити за втората испитна сесија (јуни-јули), ќе се **спроведува во период од 22.05. (понеделник) до 01.07.2025 година (вторник)** преку електронскиот систем **iKnow**.

По пријавување на испитот, **ЗАДОЛЖИТЕЛНО** во долниот десен агол на хартиената пријава запишете го серискиот број од пријавата кој ви го дава електронскиот систем. По електронското пријавување на испитот, со индексот и пополнетета пријава можете да излезете на испит согласно закажаниот термин. По полагање на испитот, предметниот професор ја впишува оценката во пријавата, индексот и во **iKnow** системот.

Согласно член 39 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.417, од 29 јануари 2019 год.), студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма и не добил потпис, неможе да пристапи на испит.

Доколку имате било какви потешкоти поврзани со пријавување на испитите, слободно котактирајте ја Службата за студентски прашања (02 3240-774).

Со почит,

Продекан за настава
проф. д-р Ксенија Илиевска